Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 и член 43 став (3) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 236/22,134/24 и 147/24) и член 26 став (3) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 1 август 2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ПРОБНА РАБОТА**

1. Се продолжува лиценцата за пробна работа за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонски електроцентрали ФЕЦ “ХАЈ ЕНЕРЏИ” издадена на Друштвото за производство, трговија и услуги со електрична енергија ХАЈ ЕНЕРЏИ ДОО Скопје со Одлука за издавање на лиценца за пробна работа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.247/23).

2. Во Прилог 1:

   - Во точка 4 зборовите “20 август 2024 година” се заменуваат со зборовите “20 мај 2025 година”.
   - Во точка 17 се додава нова точка г) која гласи: „Г) максимална врвна моќност одобрена од ОДС: 1500kW“
   - Точките од: г) до ѕ) стануваат точки: од ѓ) до и).

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за производство, трговија и услуги со електрична енергија ХАЈ ЕНЕРЏИ ДОО Скопје, со седиште на Булевар “3-та Македонска Бригада” бр. 48 Скопје-Аеродром (во понатамошниот текст: Друштво), на 23 јули 2024 година до Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги со управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Барање за продолжување на лиценца за пробна работа за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од ФЕЦ “ХАЈ ЕНЕРЏИ”, УП1 бр.12-450/24 од 23 јули 2024 година.

Регулаторната комисија за енергетика има донесено Одлука за издавање на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ “ХАЈ ЕНЕРЏИ”, УП1 бр.12-645/23 од 18 септември 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 197/23) и Одлука за издавање на лиценца за пробна

работа од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ “ХАЈ ЕНЕРЏИ”, УП1 бр.12-797/23 од 20 ноември 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.247/23).

Согласно член 8 став (5) од Правилникот за лиценци, Регулаторната комисија за енергетика на 25 јули 2024 година на својата веб страница објави Соопштение за поднесеното Барање.

Друштвото го достави Барањето и потребната документација наведена во член 7 и Прилог 1 точка 12, односно во Образецот БЛ 12 од Правилникот за лиценци во оригинал.

Продолжувањето на лиценцата за пробна работа е побарано за период од 9 месеци а како причина е наведено „приклучокот на ФЕЦ “ХАЈ ЕНЕРЏИ” е согласно решението за времен приклучок до реализација на трајно решени е под УП-10-371 од датум 20.04.2023. Бидејќи трајното решение сеуште не е реализирано се бара да се продолжи лиценцата за пробна работа“.

Регулаторната комисија за енергетика утврди дека поднесеното Барање е потполно и согласно член 5 став (4) од Деловникот за работа со Решение бр. 02-1389/1 од 1 август 2024 година, одлучи да се одржи седница за донесување на оваа одлука без одржување на подготвителна седница.

Регулаторната комисија за енергетика на 1 август 2024 година одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 и член 43 став (3) од Законот за енергетика* и член 26 став (3) од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за продолжување на лиценца за пробна работа за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ “ХАЈ ЕНЕРЏИ” на Друштвото за производство, трговија и услуги со електрична енергија ХАЈ ЕНЕРЏИ ДОО Скопје .

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр.12-450/24**
**1 август 2024 година**
**Скопје**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**